Врз основа на член ??? Од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

**Правилник за означување и визуализација на заштитените**

**подрачја во Република Македонија**

**Член 1**

При обележување на заштитените подрачја, освен Законот за заштита на природата, ќе се применува и Законот за обележување на планинарски патеки („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/2014).

**Член 2**

Правилникот пропишува правила и начини за обележување и визуализација на заштитените подрачја во Република Македонија.

Целта на овој Правилник е:

- Утврдување и воспоставување на национално лого за заштитените подрачја
- Утврдување на стандарди за воспоставување на амблеми за користење на заштитените подрачја
- Стандардизација и содржина на податоци на инфо таблите во заштитени подрачја
- Унифицирано обележување на границите на сите заштитени подрачја

**Национлано Лого на заштитени подрачја и Амблем на заштитено подрачје**

**Член 4**

Националното лого на заштитени подрачја е сибмол за заштита на природата и задолжително се  употребува од страна на субјектите за управување со заштитените подрачја. Национално лого е прикажан во Анекс 1.

**Член 5**

Амблемот на заштитено подрачје е симбол за заштита на природно наследство на заштитено подрачје. Сите заштитени подрачја имаат свој амблем, кој задолжително го користат.

**Член 6**

Со цел да се одржи еднообразноста на амблемите се утвдуваат стандарди кои ќе се применуваат при креирањето на амблемите. Стандардите утврдуваат:

- Облик на амблемот
- Мотиви на локални симболи и природни вредности (растенија, габи и животни)
- Стандарди и/ или препораки за графички и визуелен изглед на амблем

**Член 7**

Сите управувачи со заштитени подрачја во рок од шест месеци од донесување на овој правилник до Министерство за животна средина и просторно планирање треба да достават предлог амблем. Амблемите на заштитените подрачја добиваат согласност од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање за нивно користење.

**Член 8**

Правата врз користење на логото и амблемите ги заштитува Министерство за животна средина и просторно планирање, како овластен државен орган за употреба, одржување и промовирање на истите.

**Член 9**

По потреба, Министерство за животна средина и просторно планирање може да издаде согласност на друга јавна институција или општина за користење на националното лого или амблем на некое заштитено подрачје врз кое тие имаат надлежности поврзана со заштита на природата.

**Член 10**

Логото и амблемот се користат на инфо таблите и информативните знаци од различен вид во сите категории на заштитени подрачја, како и знаците долж границите на заштитеното подрачје. Субјектот за управување со заштитеното подрачје, логото и амблемот ги користи во  печатен промотивен материјал, меморандум, веб страници и слично.

**Член 11**

Амблемот е во согласност со логото. Тој може да се користи заедно со логото, при што тој стои зад или под логото. Амблемот, исто така, може да се користи самостојно, без логото, во летоци и друг печатен промотивен материјал, меморандум на писма, веб страници и слично.

**Член 12**

Логото и амблемите треба да се користат на униформите на вработените во заштитеното подрачје.

**Инфо табли во заштитените подрачја**

**Член 13**

На влезот и излезот во заштитеното подрачје, во информативните центри, пунктови и позначајни точки со природни вредности, на места каде поминуваат најголем број на посетители, во сите категории на заштитените подрачја, информациите за посетителите се поставаат на инфо таблите, кои се основниот начин за прикажување и промоција на важни и неопходни информации на отворен простор.

**Член 14**

Изработката, уреденоста, одржувањето на инфо таблите се обврска на надлежниот орган на управување со заштитеното подрачје.

**Член 15**

Конструкциите за инфо таблите се направени од дрво. Панелите на инфо таблите се направени од дрво, алуминиум или тврда пластика со јасни бројки и букви. Конструкциииите и панелите треба да бидат отпорни на сите временските услови. Во Анекс 2 на овој Правилник се пропишани материјалите, димензиите и другите поединости во врска со конструкциите.

**Член 16**

Информациите на инфо таблите за посетителите задолжително ги содржат следните податоци и редослед:

- Име на државата, Република Македонија
- Национално лого на заштитени подрачја
- Име на заштитеното подрачје и амблемот на заштитеното подрачје
- Карта на заштитеното подрачје, со јасно видливи граници и зони. Во картите и легендите на картите се користат меѓународни симболи. Картите треба да бидат во големина од најмалку А1 формат.
- Презентација на главните природни вредности на заштитеното подрачје и статусот во националната и меѓународната мрежа на заштитени подрачја (вклучувајќи ги Натура 2000 подрачја, Емералд подрачја, Рамсар локациите, УНЕСКО -локалитети прогласени за светско наследство).
- ГПС локација на инфо таблата
- Правила за однесување на посетителите, вклучувајчи и посебни правила за строго заштитените зони и слично
- Препораки за однесување во заштитено подрачје, кои вклучуваат забрана на фрлање на отпад и палење на оган, освен во места направени за таква намена, однесување при лоши временски услови или за време на сушни периоди
- Контакт информации на одговорната служба за заштитеното подрачје и најблискиот центар за посетители
- Контакт информации во случај на итност

**Член 17**

Освен задолжителни информации, на инфо таблите може да се прикажат и други дополнителни информации:

- Опис на геолошките, геоморфолошките, хидролошките карактеристики, опис на биодиверзитет (живеалишта, клучни растенија, габи и животни), екосистеми и предели, историја, традиционална употреба на земјиште и други слични информации кои може да бидат интересни за посетителите.
- Огласна табла за сезонски или актуелни прашања, или пораки од администрацијата која управува со подрачјето, информации од други јавни институции, општините, локалните претприемачи и организации кои нудат информации или услуги за посетителите
- Опис на достапните патеки
- Име на влезот/излезот во заштитеното подрачје
- Во случај конструкцијата да е направена со средства од донација, логото на донаторот треба да стои на таблата.

**Член 18**

Задолжителните информации треба да се напишани на македонски и/или албански јазик, а во националните паркови кратко резиме на информациите и контакт информации треба да има и на англиски јазик. На легендите на мапи треба да се користат сите три јазици.

**Маркирање на границите на заштитеното подрачје**

**Член 19**

Обележувањето на надворешните граници на заштитеното подрачје и границите на зоните се прави согласно Актот за прогласување на заштитеното подрачје

**Член 20**

Обележувањето на границите и нивното одржување е обврска на субјектот за управување со заштитеното подрачје.

**Член 21**

Границите на заштитеното подрачје и зоните во заштитеното подрачје се обележени на сите печатени карти кои ги изготвуваат надлежните државни органи  и субјекти за заштита и управување со заштитеното подрачје.

**Член 22**

Обележувањето на границите е задолжително покрај пат, или патеките за општа употреба. Во останатиот дел од територијата на подрачјето, обележувањето се врши по природни граници и онаму каде тоа е можно и потребно согласно актот за прогаласување на заштитенот подрачје.

**Член 23**

Постојат два начина за обележување на границите: дрвени столпчиња заштитени од временски услови со висина од минимум 1 метар, или знаци закачени на стеблата од дрвјата каде што е можно, на висина од 1 метар од земјата.

**Член 24**

На отворен терен дрвени столпчиња со знаци се поставуваат на оддалеченост од која може да се види најблиското столпче од двете страни. Во шума столпчињата се поставуваат на оддалеченост од најмногу 300 метри, а истото важи и во случаи кога се користат обоени ознаки на дрвјата. На места на кои низ заштитеното подрачје минува пат или патека, знаците секогаш се поставуваат во близина на патот или патеката.

**Член 25**

На водени површини границите и зоните се обележуваат со бови/пловки, каде што е неопходно, како и со цврсти дрвени столбови во плитки води. Во Анекс 2 на овој Правилник се пропишани поединости во врска со обележувањето.

**Член 26**

На врвот на дрвени столпчиња, знаците закачени на стеблата од дрвјата или бови/пловки се поставува Национлано Лого на заштитените подрачја и Амблемот и име на заштитено подрачје. Исклучиво се користи флуросцентна боја. Логото е одозгора, а амблемот со името под него. Националното лого може да се користи самостојно.

**Други знаци и патокази во или околку заштитеното подрачје**

**Член 27**

Знаците со информации и патоказите кои покажуваат насока или оддалеченост до одредено место може да бидат поставени покрај видиковци, природни патеки и други популарни локации.

**Член 28**

Изработката, уреденоста, одржувањето на знаците и патоказите во заштитените подрачја се обврска на субјектот за управување со заштитеното подрачје.

**Член 29**

Сите знаци треба да го носат националното лого и амблемот.

Сите активности на знаците и патоказите се означени со меѓународни симболи.

**Член 30**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**Анекс 1.** Национално лого за заштитените подрачја

ТРЕБА ДА СЕ ПРЕДЛОЖИ ДИЗАЈН - ПРЕДЛОГ ЗА ЛОГО

**Анекс 2.** Препораки за материјалот и димензиите на инфо таблите

Носечките конструкции за инфо таблите се изработуваат од дрво кое е заштитено од надворешни влијанија и истото е фундаментирано во цемент од минимум 50 см. Врвот на конструкцијата на инфо таблата треба да биде на висина од максимум 2 метри која е заштетено од дожд. Во случај на карпест терен, наместо дрвени конструкција може да се користат метални носечки конструкции.

Бовите/пловките може да се направени од водоотпорна пластика и опремени со тегови од најмалку 400 кг, со цел да се осигура дека бовите/пловките нема да се движат, или да бидат намерно поместени или отстранети. Синџирот треба да биде направен од 16 мм галванизиран челик со оков со дебелина на материјал од 22мм.

ТРЕБА ДА СЕ ДАДЕ ПРИМЕР ЗА ДИЗАЈН НА ИНФО ТАБЛА